Врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во согласност со член 155 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), и членовите 325-339 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Деканатската управа, на седницата одржана на 24.10.2012 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за дисциплинска одговорност на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа Одлука се уредуваат дисциплинската одговорност на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, видовите дисциплински повреди, дисциплинската постапка, органите на дисциплинската постапка, видовите дисциплински мерки што можат да се изречат, како и постапката по приговор.

### Основи за дисциплинска одговорност на студентите

### Член 2

Правна основа за дисциплинска одговорност на студентите се:

- Законот за високото образование;
- Правилата за студирање определени со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- Правилата за студирање на Правниот факултет„Јустинијан Први“ во Скопје,
- Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии на Универзитетот;
- Правилникот на Универзитетот за превенирање на фиксирање, умножување и продажба на авторско дело без дозвола од авторот, односно издавачот;
- други акти на Факултетот и Универзитетот.

### Член 3

Под студенти, во смисла на членот 1 од оваа Одлука, се опфатени редовните и вонредните студенти на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (во понатамошниот текст: Факултет) во трите циклуси (нивоа) на студии (додипломски, постдипломски и докторски студии).

## II. ОРГАНИ НАДЛЕЖНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

### Член 4

Дисциплинската постапка по поднесено барање ја води Комисија за утврдување дисциплинска одговорност на студентите (во понатамошниот текст Дисциплинска комисија).

Постапката по приговор се води пред Наставно-научниот совет на Факултетот.

### Состав и мандат на Дисциплинската комисија

### Член 5

Дисциплинската комисија е составена од три члена. Членовите на Дисциплинската комисија ги избира Наставно-научниот совет со мандат од две години, со право на еден реизбор.

Претседателот на Дисциплинската комисија е од редот на наставниците, еден член е од редот на соработниците, а еден член е претставник на студентите.

Членовите имаат свои заменици. Нивниот избор го врши Наставно-научниот совет.

### Годишен извештај за работа

### Член 6

Дисциплинската комисија е должна еднаш годишно да поднесе извештај за својата работа до Наставно-научниот совет на Факултетот.

## III. ВИДОВИ ДИСЦИПЛИНСКИ ПОВРЕДИ

### Лесни дисциплински повреди

**Член 7**

Како лесни дисциплински повреди се сметаат:

1. нарушување на јавниот ред и мир во текот на наставата;
2. непристојно однесување кон наставниците, соработниците или другите вработени, како и кон другите студенти;
3. регистрирање присуство за друг студент;
4. небрежно однесување кон имотот на Факултетот, што може да доведе до оштетување во проценет износ до 100 евра во денарска противвредност.

### Тешки дисциплински повреди

**Член 8**

Како тешки дисциплински повреди се сметаат:

1. поседување и користење направи за телефонска и електронска комуникација во текот на испитите или за потребите на испитот;
2. препишување или давање каква било помош на друг студент во текот на испитите (полагање испит за друг, пишување есеј за друг и сл.);
3. неовластено регистрирање заради добивање бодови од активност;
4. недозволено носење опрема за аудио и/или видеофиксирање на авторско дело, вклучувајќи и приклучени мобилни телефони, од страна на студентите, при изведувањето на предавањата, вежбите и интерактивната настава;
5. плагијаторство во форма на поднесување туѓ семинарски труд или академски есеј во свое име;
6. физички напад со нанесување лесна телесна повреда;
7. физички напад со нанесување тешка телесна повреда;
8. вербална или реална навреда на наставник или соработник;
9. давање неточни податоци на органите на Факултетот (впишување неточни податоци во студентски исправи, уништување или оштетување на студентски исправи);
10. упад во информатичкиот систем на Универзитетот, односно на Факултетот (веб-страница, електронски досиеја или во персонален компјутер на наставник, односно соработник);
11. оштетувања на имотот во проценет износ над 100 евра во денарска противвредност поради непридржување кон пропишаните правила или безобѕирен однос кон имотот на Универзитетот, односно на Факултетот, како и присвојување предмети што се сопственост на Универзитетот, односно на Факултетот.

## IV. ВИДОВИ ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

**Член 9**

За сторена дисциплинска повреда, на студентот може да му се изречат следниве дисциплински мерки:

1. опомена;
2. јавна опомена;
3. исклучување – се применува за академската година во која е изречена;
4. забрана за полагање на еден или повеќе колоквиуми или испити (од една до три сесии);
5. повторно запишување на предметот;
6. забрана за одбрана на магистерскиот труд или докторската дисертација што е плагијат.

При изрекувањето и одмерувањето на дисциплинските мерки, дисциплинската комисија ќе го земе предвид однесувањето на студентот кон кого се води дисциплинска постапка во текот на постапката.

## V. ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

### Поведување и тек на дисциплинската постапка

**Член 10**

Дисциплинската постапка се поведува со писмено барање. Писменото барање се предава во архивата на Факултетот и тоа, преку деканот, се доставува до Дисциплинската комисија.

### Содржина на барањето

**Член 11**

Барањето за поведување на постапката содржи:

1. име и презиме на лицето што ја пријавува дисциплинската повреда;
2. податоци за сторителот на повредата;
3. опис на настанот;
4. докази за утврдување одговорност.

### Овластено лице за поведување дисциплинска постапка

**Член 12**

Овластени лица за поведување на дисциплинска постапка се:

- лице вработено на Факултетот;
- лице вклучено во изведување настава;
- лице ангажирано на определени работни задачи на Факултетот.

### Решение за поведување дисциплинска постапка

**Член 13**

Врз основа на барањето за поведување на постапката, Дисциплинската комисија донесува решение за поведување дисциплинска постапка.

Решението од став 1 на овој член се доставува до:

- подносителот на барањето за поведување на постапката;
- лицето против кое се поведува дисциплинската постапка - на рака или со препорачана пратка на домашна адреса;
- архивата;
- Службата за студентски прашања;
- Канцеларијата за ЕКТС.

### Повикување и сослушување

**Член 14**

Пред изрекување на дисциплинската мерка, студентот ќе биде сослушан во врска со настанот од страна на Дисциплинската комисија.

Сослушувањето пред Дисциплинската комисија е усно.

На сослушувањето се повикуваат подносителот на барањето и студентот против кој е поведена дисциплинска постапка.

Студентот се известува со покана преку препорачана пратка на адресата што студентот ја пријавил како домашна адреса во досието на Факултетот или по пат на електронска пошта.

Ако студентот не се појави пред Дисциплинската комисија и не го оправда отсуството, Дисциплинската комисија ќе донесе соодветна одлука врз основа на достапниот доказен материјал.

Ако подносителот на барањето или студентот поднеле писмена изјава преку архивата на Факултетот до Дисциплинската комисија, таа цени дали нивното повикување е неопходно.

### Одлуки на Дисциплинската комисија

**Член 15**

Дисциплинската комисија со решение може:

- да го отфрли барањето за поведување на постапката доколку настапила застареност или барањето го поднело неовластено лице;
- да го одбие барањето поради недоволно докази за сторена дисциплинска повреда;
- да изрече дисциплинска мерка.

### Застарување на дисциплинската одговорност

**Член 16**

Поведувањето и водењето на дисциплинската постапка застаруваат во рок од 6 месеци од сторувањето, односно 3

месеци од дознавањето за сторената дисциплинска повреда.

**Решение за изрекување дисциплинска мерка**

**Член 17**

Донесеното решение за изрекување дисциплинска мерка се доставува до:

- подносителот на барањето;
- студентот;
- архивата;
- Службата за студентски прашања;
- Канцеларијата за ЕКТС.

Диспозитивот на решението за изрекување дисциплинска мерка се истакнува на огласна табла на Факултетот за соодветната година и се впишува во досието на студентот.

## VI. ПОСТАПКА ПО ПРИГОВОР

**Поднесување приговор**

**Член 18**

Против одлуката на Дисциплинската комисија, студентот може да поднесе приговор до Наставно-научниот совет на Факултетот, како второстепен дисциплински орган, во рок од 8 дена од денот на прием на решението за изрекување на дисциплинската мерка.

**Постапување на Наставно-научниот совет**

**Член 19**

Наставно-научниот совет го разгледува приговорот на првата седница по поднесувањето на приговорот и може да донесе одлука со која:

- го отфрла приговорот како недозволен или ненавремен;
- го потврдува решението за изрекување дисциплинска мерка донесено од Дисциплинската комисија;
- го прифаќа приговорот како основан и го преиначува диспозитивот на решението за изрекување дисциплинска мерка.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавување во Универзитетскиот гласник.

**Член 21**

Со донесувањето на оваа Одлука престануваат да важат Одлуката за утврдување правила за дисциплинска одговорност на студентите кои студираат според ЕКТС донесена на 21.12.2007 година и Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување правила за дисциплинска одговорност на студентите кои студираат според ЕКТС донесена на 24.9.2009 година.

**Член 22**

За постапките започнати до започнувањето на примената на оваа Одлука ќе се применуваат одредбите од Одлуката за утврдување правила за дисциплинска одговорност на студентите кои студираат според ЕКТС донесена на 21.12.2007 година и Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување правила за дисциплинска одговорност на студентите кои студираат според ЕКТС донесена на 24.9.2009 година.

**Декан**
**Проф. д-р Борче Давитковски, с.р.**